**20090190386**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/99, 66/2007 и 86/2008), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Правилникот за образецот на лиценцата за вршење на детективска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2000) во насловот, по зборот „за“ се додаваат зборовите: „образецот на барањето за издавање на лиценцата и“.

Член 2

Членот 1 се менува и гласи:

„Со овој правилник се пропишуваат образецот на барањето за издавање на лиценцата (во натамошниот текст: образецот на барањето) и образецот на лиценцата за вршење на детективска дејност (во натамошниот текст: образецот на лиценцата).“

Член 3

По членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

„Образецот на барањето се печати на хартија во бела боја и има правоаголна форма (Прилог бр.1).

Образецот на барањето ги содржи следните податоци: назив „Министерство за внатрешни работи, Скопје“; „Барање“; место за податоци за подносителот на барањето, и тоа: име и презиме, датум на раѓање, место и адреса на живеење; податоци за доказите/прилозите што ги доставува подносителот на барањето согласно член 4 став 2 од Законот за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/99, 66/2007 и 86/2008); напомена дека прилозите се доставуваат како копија и заверени од нотар; датум и место на поднесување на барањето и место за потпис на подносителот на барањето.“

Член 4

Во членот 2 став 1, по кратенката „цм.“ се додаваат зборовите: „(Прилог бр.2)“.

Член 5

Членот 3 се менува и гласи:

„Прилозите број 1 и број 2 се составен дел на овој правилник.“

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.14.1-6888/1
4 февруари 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

**Прилог бр. 1**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**С к о п ј е**

# Б А Р А Њ Е

Од ______________________________________, роден/а на ___________ година, со место на живеење во _________________________, на ул. _____________________________________________.

Согласно член 4 став 2 од Законот за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/99, 66/2007 и 86/2008), барам да ми се издаде лиценца за вршење детективска дејност.

Во прилог на барањето доставувам:

- уверение за државјанство;
- фотокопија од лична карта;
- уверение од надлежен суд за неизречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност;
- диплома за завршено високо образование;
- изјава дека во последните две години пред добивање лиценца за работа не извршувал работи и задачи во областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно со прописите од областа на внатрешните работи, работни места на определени должности согласно со прописите од областа на разузнувањето или работните места од член 167 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008);
- уверение за положен стручен испит за вршење детективска дејност и
- уплатница од _______ денари за надомест на трошоци за издавање на лиценцата.

**НАПОМЕНА**: Наведените прилози се доставуваат како копија и заверени од нотар.

**ПОДНОСИТЕЛ**

__________ година, Скопје ________________________

**Прилог бр. 2**

# Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКА ДЕЈНОСТ

Име и презиме: ____________________________________________

Вид и степен на образование: _______________________________

ЕМБГ: ___________________________________________________

Лиценцата се издава врз основа на приложената документација со која се докажува дека се исполнети сите услови од член 4 став 2 од Законот за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/99, 66/2007 и 86/2008).

**Бр. ______________**

**____________ година**

**М. П.**

**МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

______________________